**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** __________

____________________
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 29 став 3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), а согласно со член 45 став 3 од Закон за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/05, 120/05, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22) и член 26 и 27 од Статутот на Јавната установа Зоолошка градина на Град Скопје - Скопје (бр.01-107 од 16.05.2006, 01-107/2 од 26.12.2011, 02-90/2 од 16.03.2012, 01-64/2 од 23.02.2018, 01-134/2 од 19.03.2019 и 01-190/2 од 23.04.2019 година), Градоначалникот на Град Скопје, распишува

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**
**за избор на директор на Јавна установа**
**Зоолошка градина на Град Скопје - Скопје**

1. Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
- има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
  -ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
  -ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
  -ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
  -ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен
  -БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
  -АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатот е должен покрај доказите за исполнување на горенаведените услови да ги достави и следните документи:

- Пријава со кратка биографија, и
- Предлог-Програма за работа и развој на установата.

3. Потребната документација кандидатот е должен да ја достави во оригинал или копија заверена на нотар.

4. Рокот за поднесување на потребна документација изнесува 15 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневниот печат.

5. Ненавремената, некомплетната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување. Пријавите за огласот се доставуваат на следната адреса:

**Јавна установа Зоолошка градина на Град Скопје - Скопје**
**Управен одбор**
**(за јавен оглас за избор на директор)**
**Адреса на установата: бул. „Илинден” бр.88**
**1000 Скопје**

**Град Скопје**
**Градоначалник**

**__________________**
**Данела Арсовска**